# Водич на РАН ПОЛ за програмите за обуки за полициските службеници во Европа

## Вовед

**Полициските службеници имаат суштинска улога во спречувањето на радикализмот што води до насилен екстремизам и тероризам. Од нив се очекува да препознаат знаци на радикализам, но нивната улога е многу поширока. РАН ПОЛ утврдува четири клучни способности за кои е потребна обука:**

- **Свесност и разбирање на процесот на радикализам, терен за развивање, знаци и ранливости;**
- **Спроведување на ред и мир во заедницата и во соседството, надградување на силни мрежи на доверба во општеството;**
- **Меѓукултурна чувствителност, „спроведување ред и мир за сите“ и човекови права;**
- **Полицијата како ефективен учесник во соработката меѓу органите, иницирање, поддршка и олеснување на соработката.**

**Резултатите од осумте различни наслови за програмите за обука треба да ги има во програмата за полицијата. Тие ќе бидат опишани во овој Водич на РАН ПОЛ, заедно со постојните програми за обука за секој од насловите.**

Овој труд го напишале **Стивен Ленос (Steven Lenos) и Марџолејн Келтјенс (Marjolein Keltjens)**, Центар за извонредност на РАН.

Ставовите што се изразени во овој труд им припаѓаат на авторите и не значи дека ги отсликуваат гледиштата на Центарот за извонредност на РАН или на некоја друга институција или на учесник во Работната група на РАН ПОЛ.

# Признание

Посебна благодарност до лидерите на Работната група на РАН ПОЛ Василеос Теофилопулос (Грција) и Навјот Сандху (Норвешка) за нивниот придонес во овој Водич и за претседавањето со состанокот на Работната група на РАН ПОЛ, одржан во Атина (14-15 јуни 2016 година).

Овој Водич е напишан во соработка со учесниците на состанокот во Атина: Томас Френклин (Австрија), Лук ван дер Таелен (Белгија), Минко Пондев (Бугарија), Андреја Балог Башич (Хрватска), Крисостомос Крисостому (Кипар), Јан Пецхачек (Чешка), Пертел Прајвалтс (Естонија), Торстен Стодиек (ОБСЕ), Марио Кребс (ЕУ), Димитрос Криерис (ЕУ), Натали Шаванон (Франција), Детлеф Авердик-Гренер (Германија), Киријакос Браимис (Грција), д-р Емануел Карагијанис (Грција), Акис Каратрандос (Грција), Теодорос Шименос (Грција), Василеос Коцолијакос (Грција), Андреа Козари (Унгарија), Дејв Меклнерни (Ирска), Фабио Џермани (Италија), Адријан Грима (Малта), Роб Аут (Холандија), Андреас Корвалон (Норвешка), Марзена Кордазук-Вас (Полска), Џао Кабаџо (Португалија), Лауренцио Манолеа (Романија), Мишо Радованчевич (Словенија), Фернандо Рохо (Шпанија) и Деби Мекензи (Обединетото Кралство). Покрај тоа имаше експерти од различни земји-членки што ни дадоа поддршка обезбедувајќи релевантни информации: Мохамед Али Абубакер (Шведска), Дезмонд Бел (Ирска), Даниела Петкович (Хрватска), Манфред Краус (Германија).

## Преамбула

РАН силно се залага за инвестирање во обуки за стручни лица од прв ред. Преку обуките тие може да станат свесни за својата улога и за одговорностите на другите стручни лица. Обуката ги зголемува потребните способности. Поради тоа РАН ПОЛ го издава овој сеопфатен Водич за обучување на полициски службеници.

Во Атина со националните експерти се дискутираше за првиот нацрт на Водичот на РАН ПОЛ за обука на полициски службеници. Беше изготвен од Центарот за извонредност на РАН, врз основа на наследството од РАН ПОЛ и на истражувањето на интернет во рамките на мрежата РАН ПОЛ. Овој Водич целосно го оценува состанокот во Атина.

Овој Водич ќе ја има следнава структура:

- Задачи и улоги на полицијата во заедничкото спречување на радикализмот
- Потребни способности и обука
- Општи забелешки и коментари за обука
  - На обучувачи
  - Станува збор за култура, па затоа, исто така, обучете го и раководството
  - Засновано врз потреба
  - Не само предавање туку и искуство во рамките на работата, вежби и практика
  - Обука само за полицијата или и за мешани групи
- Осум различни поглавја што опфаќаат осум наслови
- Препораки и размислувања

Водичот на РАН ПОЛ сакаме да го направиме жив документ што ќе може и, секако, ќе се дополнува. Кога на состаноците на РАН ПОЛ во иднина ќе бидат претставени нови пристапи за обука или ќе ни бидат пратени преку контакт-точките, овие програми за обука ќе може да се додадат.

## Задачи и улоги на полицијата во заедничкото спречување на радикализмот

Обуката што е потребна за полициските службеници следува или, подобро кажано, почнува од улогата на полицијата. Изјавата за мисијата на РАН ПОЛ ја опишува оваа улога како што следува:

> *Тероризмот, насилниот екстремизам и процесот на радикализирање традиционално се предмет за разузнавачките агенции или за тајните служби, со оглед на тоа што инволвираат национална безбедност и класифицирани информации. Сепак,* ***полицијата има клучна улога во олеснувањето на превентивен мулти (или интер) агенциски пристап на локално и на регионално ниво****. Многу често полицијата има силни мрежи, особено во локална средина. Полицијата ги знае училиштата, групите млади лица и семејствата, но и постојните насилни екстремистички групи. Полицијата е клучен играч и треба да се стимулира за да се искористат професионалните мрежи и да се поврзат со заедниците.*

### РАН ДНА на спречување

На што се мисли кога ќе се каже спречување? Уште еднаш да ја искористиме можноста за да изразиме што се мисли со терминот **спречување** во рамките на РАН ПОЛ. Кога РАН ПОЛ зборува за спречување на радикализам, се мисли на спречување во претркивичната фаза. Иако во случај кога полицијата ќе уапси терорист што носи бомба, всушност, спречува напад врз општеството, РАН ПОЛ не се фокусира на таков вид спречување.

Четирите години размена во заедницата на стручни лица РАН доведе до научените лекции за тоа како да се биде ефективен во спречувањето. Овие лекции може да се најдат секаде низ Европа. РАН ДНА на спречување на радикализмот може да изгледа како:

1. Радикализмот е процес: уникатен процес, повеќе фактори, различни патеки.
2. Во Европа има многу различни идеологии на насилен екстремизам (меѓусебно поврзани).
3. Спречувањето се однесува на заштита на ранливите луѓе и заедници.
4. Најчесто младината, семејствата и заедниците се жртви и партнери, а не фреквентни места и сторители.
5. Локалното е клучно.
6. Спречувањето е неопходно, истовремено да се следи и да се прекине.
7. Со повеќе агенции, некогаш и внатреагенциски.
8. Од клучно значење се свесни и овластени стручни лица.
9. Специфични контакти за потребите и лични.
10. РАН (и локални мрежи) како отворена и транспарентна мрежа.

## Потребни способности и обука

Иако некои сè уште мислат така, сепак, улогата на полицијата е многу поголема од препознавањето на знаците на радикализам. Како што се дискутираше на првиот состанок за новиот РАН ПОЛ во Архус (ноември 2015 година), се чини дека за полициските службеници е многу тешко да препознаат знаци на радикализам. Холандскиот истражувач Питер Апелбум[1] ги сподели своите заклучоци[2]:

> *„Изгледа дека улогата на рано укажување на потенцијални случаи на радикализам не е секогаш кај службеникот од заедницата(…)*
>
> *(…)*
>
> *Улогата на службеникот, сепак, е особено присутна во директното следење на радикализмот откако се откриени потенцијални радикални жители. Со таа улога може да внесат дополнителен дел на потенцијална сложувалка на радикализмот. Службеникот може и да постапи посегнувајќи кон тие инволвирани лица или семејства и се чини дека сосема одговара затоа што може да покаже проактивна, а не реакциска улога во рамките на неговата заедница, илустрирајќи соработка, а не да стои на спротивните краеви.“*

[1] Appelboom, Pieter. the role of the community police officer in the signalling of religiously affiliated radicalisation within the Netherlands (Улогата на полицискиот службеник од заедницата во сигнализирањето на религиозниот радикализам во Холандија) (2015)

Кои се потенцијалните улоги и придонеси на локалната полиција? Полицијата ...

- има информации што може да ги понуди и да ги сподели, информации што не им се познати на другите учесници;
- е во добра позиција за да собира и да споделува информации меѓу партнерите од повеќе агенции;
- може да биде извор на експертиза и совети за радикализам и за насилен екстремизам за партнерите;
- може да распореди уникатни средства и мерки што само таа ги има;
- е во добра позиција за да се изгради силна локална мрежа;
- многу често е познат и доверлив партнер за заштита и за спречување на криминал и употреба на дрога;
- може да биде врска меѓу националните агенции и разузнавачките служби;
- Vможе да биде многу ефективен тандем со локалната власт и со другите локални учесници.

Полициските службеници и особено оние што работат на локални мрежи може да имаат многу поголема улога од таа на препознавање знаци.

Четири клучни способности што целосно ја искористуваат улогата на полицијата:

1. Свесност и знаење за **процесите на радикализам** што водат до тероризам и насилен екстремизам. Ова вклучува **знаци** за процесот на радикализам (не се исти за тероризам). Исто така, и за фактори што водат до ранливост или до заштитни фактори. Освен тоа, има разбирање на интервенциите што можат да го ублажат радикализмот;
2. **Спроведување ред и мир во заедницата:** свесност, став и вештини за градење односи од доверба во заедницата или заедниците во рамките на заедницата. Комуникации и вмрежување **општо (не конкретно на малцински заедници).**
3. **Меѓукултурна чувствителноста, „спроведување ред и мир за сите“ и човекови права.** Разновидност, меѓукултурна чувствителност и знаење, став и вештини за ангажман со малцински заедници, спречување на казнени дела на омраза, дискриминација и спречување на расно или на етничко профилирање.
4. Како да се биде ефективен **иницијатор** или **партнер** во **соработката меѓу агенциите** или во рамките на агенцијата, исто и надвор од светот на сигурност и безбедност. На пример, партнерство за заштита на младите, образование, работа на младите со поддршка од семејството и граѓанското општество.

## Четири способности, осум наслови за програми, осум поглавја во Водичот

Ги поделивме погоре утврдените четири способности во осум наслови што може да се постигнат преку модули за обука. Ова ќе доведе до осумте поглавја во овој Вводич на РАН ПОЛ. Свесни сме за фактот дека најверојатно има програми за обука што покриваат повеќе од еден од овие наслови во една програма, но корисно е да се стави акцент на посебните модули во овој Водич.

Програми за обука за **радикализмот** (свесност, разбирање, спречување, интервенирање и/или сигнализирање);

1. Програми за обука за **спроведување ред и мир во заедницата;**
2. Програми за обука за **меѓукултурна чувствителност, „спроведување ред и мир за сите“ и човекови права** (културни разлики и чувствителност, работа со малцински групи, предрасуди и дискриминациско профилирање);
3. Програми за обука на полицијата во **соработка со повеќе агенции и соработка во рамките на агенцијата;**
4. Програми за обука за **поларизација и социјални тензии;**
5. Програми за обука за **употребата на интернетот и на социјалните медиуми** за спречување на радикализмот;
6. Програми за обука за **ефективна лична комуникација** (ставови, јазик, говор на тело);
7. Програми за обука за улогата на полицијата во **дерадикализацијата или разделувањето** на екстремисти.

## Општи забелешки и коментари за обуките

Пред да се даде скица на осумте поглавја, ќе опишеме неколку општи забелешки во врска со програмите за обука за полициските службеници.

### За обучувачи

Претставувањето на горенаведените програми за обучување може да биде предизвик за обучувачите. Тоа вклучува справување со ставови, склоности и предрасуди на инволвираните полициски службеници. Обучувачите треба да може да се справат со оваа чувствителност и со потенцијалните попречувања.

Надворешните обучувачи може да бидат додадена вредност, а некогаш се неопходни. Од друга страна, внатрешната култура на полицијата не е секогаш отворена за луѓе однадвор, па ова може да биде предизвик за надворешниот обучувач. Работењето во пар од полициски обучувач и човек однадвор (член на заедницата, невладина организација, активист, партнер од мрежа) може да биде многу ефективно.

### Станува збор за култура, па затоа, исто така, обучете го и раководството

Спроведувањето ред и мир во заедницата, меѓукултурно спроведување ред и мир и спречување на состанокот беа опишани како стил на спроведување ред и мир. Тие не се во толкава мера специфичен наслов на експертиза за мал број полициски сили, туку култура или дури и професионален стандард за спроведување ред и мир. Ова имплицира дека треба да се обучи раководството, како и другите колеги од полицијата на заедницата. Дел од предизвикот е во менување на полициската култура. На културата може да се работи само ако е поврзана со реалната работа и ако се испорача преку тимска обука.

### Засновано врз потреба

Обуката ќе има најголем ефект кога ќе се заснова врз проблеми и потреби. Интересен пример е програмата за обука за справување со малцинства на чешката полиција. Почнува со истражување на тоа кои ситуации предизвикале тензии за полицијата, додека таа се

справувала со малцинствата. Програми за обука беа развиени врз основа на резултатите од ова истражување.

### Не само предавање, туку и искуство, во рамките на работата, вежби и практика

Обуката за клучните способности треба да биде дел од наставата на почетната обука за полицијата. Но треба да има дополнување и освежување на работното место. Да се биде полициски службеник на заедницата, кој шета на улиците, дава можност да се применуваат вештините што се потребни за спроведување ред и мир во заедницата. Општо, експертите беа убедени дека практиката со симулации, работата со актери и правењето други вежби се преферирани техники затоа што се поефективни. Современата обука за современата полиција бара современи методи, како што се сериозни игри, вежби на маса, вебинари и е-учење.

### Обуки само за полицијата или за комбинирани групи?

Најголем дел од обуките ќе се организираат во полициските училишта и во колеџите, или, пак во полициските станици. Со оглед на тоа што спречувањето радикализам се заснова врз локалните мрежи и работа на повеќе агенции меѓу професионалци од различни организации, треба да се размисли за обука во комбинирани групи. Обуката за комбинирани групи ќе ги зајакне работата во мрежи, заемната доверба и разбирање, ќе им обезбеди на полициските службеници и на партнерите од мрежата споделен јазик и чувство на итност.

Поглавје 1:

# Програми за обуки во врска со радикализмот (свесност, разбирање, спречување, интервенирање и/или сигнализирање)

***Зошто*? Кој е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето на* радикализмот?**

- Се почнува со полициски службеници што имаат чувство на итност и кои се свесни дека радикализмот води до насилен екстремизам и тероризам.
- За да бидат ефективни полициските службеници треба да ги разбираат процесите на радикализам и регрутирање.
- Службениците треба да препознаат знаци дека поединците се ранливи или дека се дури и во определена фаза на процесот на радикализирање или дека се регрутираат.
- Полицијата може да ја подигне свеста за другите во нивната мрежа и да даде насоки да се бараат сигнали на загриженост и да се зголеми отпорноста. Важност и разбирање на човековите права.

**Клучни пораки**

- Треба да се опфатат сите екстремистички идеологии, групи и процеси и терминологија .
- Радикализмот им се заканува на јавната безбедност, демократијата и на фундаменталните права и тој е закана за поединци, дури и за малолетници што може да бидат регрутирани и експлоатирани за екстремистички идеологии.
- Треба да се стави акцент на ранливоста, на процесот на радикализирање и на регрутирањето (пропаганда).
- Да се разбере процесот на радикализирање и однесувањето и делата што може да индицираат дека се случува процесот.
- Има ризик кај едноставните листи на знаци на радикализам, поради пребрзото етикетирање. Затоа е важно да се нагласи дека сите докази треба да се оценуваат во група.
- Да се биде реален за улогата на сигнализирање за полицијата во заедницата, знаците највообичаено ќе доаѓаат преку неполициските контакти во мрежата на полицијата.
- Да се направи разлика меѓу преткриминални, радикализирани и сторители/терористи и соодветните одговорни за нив во полицијата.
- Да се обезбеди дека јазикот, сликите и приказните се однесуваат на полицискиот свет, но и на партнерите на полицијата од цивилната мрежа (образование, нега, младина, невладини организации).
- Обука што на службениците им обезбедува јазик со кој полицијата ќе може да работи со неполициските партнери и да создаде ефективна мрежа за борба против радикализирањето (помалку оружје, повеќе за ранливост и идентитет).
- Да се разбере фактот дека повредите на човековите права може да доведат до радикализам, а во исто време да се има на ум дека прашањето за човековите права секогаш е поважно за малцинствата отколку за мнозинските заедници.
- Студии на случај, факти, научени лекции, преглед за тоа како терминот радикализам е променет во последните неколку години или е поврзан со домашниот тероризам.
- Решенија по мерка и пристапи за различни земји, земајќи ги предвид политичката ситуација, населението итн.

## Поглавје 2:

# Програми за обука за спроведување ред и мир во заедницата

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Младината, заедниците и семејствата сѐ почесто се жртви и потенцијални партнери отколку сомнителните фреквентни места.
- Заедниците, особено заедниците со ризик од екстремистички наративи, мора да станат свесни за ризикот од насилен екстремизам и мора да се заштитат од тоа да бидат регрутирани.
- Грижливата и силна мрежа во заедниците ќе придонесува да има повеќе информации што ќе пристигнуваат до полицијата.
- Полицијата не може сама да го направи тоа. Или секогаш не треба таа да постапува. При соочувањето со поединци што се на раб да бидат регрутирани или кои се во процес на радикализирање, на полицијата ѝ се потребни други во заедницата за да најдат одговори, да интервенираат и да постапуваат.

**Клучни пораки**

- Спроведувањето ред и мир во заедницата или во близина не е само организациска конструкција туку е поставеност на умот. За да биде ефективна во спроведувањето ред и мир во заедницата, полицијата треба да работи на довербата во општеството во мирно време и тоа да се перципира како дека ѝ служи и дека ги заштитува заедниците.
- Ова бара отворен и професионален став кон заедниците и нивните членови.
- Потребни се основни вештини за решавање на проблемите за да можат службениците за ред и мир во заедницата (модел SARA) заеднички да ги идентификуваат потребите и проблемите на заедниците и заедно да развијат и да спроведат решенија со заедниците.
- Нема само една заедница. Полициските службеници треба да ги разберат различните заедници, новите и традиционалните заедници.
- Да се утврдат контакт-точки со локалните власти, со помош на офицери за врски.
- Полицијата треба да им посвети дел од своето време на новодојдените, како бегалци, за да ја поддржат интеграцијата. Ова може да се направи со заеднички програми со партнерите, како што се локалните власти и малцинствата.
- Потребни се добро обучени полициски службеници. Потребни им се комуникациски вештини, медијација, да се добие некое специфично знаење - потребни се способности, ставови, свест и разбирање на склоноста - можност за казнено дело на омраза.
- Да се биде добар полициски службеник е поврзано со вештини на работење во мрежа и чувствителност што овозможуваат работа со различни групи и поединци во заедницата.
- Барем поголеми делови од нив треба да се обучуваат „на работното место“.

## Поглавје 3:

# Програми за обука за меѓукултурна чувствителност, „спроведување ред и мир за сите“ и човекови права

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Полицијата треба да им служи на сите, да биде ефективна, на службениците им се потребни меѓукултурни способности.
- Регрутирањето и радикализирањето на екстремистичкиот џихадистички екстремизам конкретно се насочени кон определени малцински заедници во Европа.
- Полициските службеници мора да ја разбираат нивната улога во градењето позитивни врски со сите малцински групи или општи малцинства и заедници.
- Дел од малцинските заедници се ранливи и потребна им е заштита.
- Погодените малцински заедници може да бидат партнери во отпорот кон екстремизмот и тие се подоверливи и поефикасни гласови на спротивни и алтернативни наративи.
- Полициските службеници треба да знаат, да разбираат и да постапуваат во рамките на правото за човекови права.
- При спречувањето на насилниот екстремизам и тероризам постои ризик од етничко профилирање, што може да им се врати на полицијата.
- На доверливата полиција со добри контакти во малцинските заедници ќе ѝ користи да има пријавени повеќе знаци на загриженост.

**Клучни пораки**

- Полициските службеници мора да бидат свесни за начинот на кој се перципира полицијата.
- Да ги знаат ефектите на дискриминација ако не се свесни за меѓукултурните потреби и навики.
- Етничкото или расното профилирање или другите форми на дискриминација или пристрасните полициски акции резултираат со повредување на односите и на довербата со другите култури.
- Работење за спроведување ред и мир за сите, треба да можат да работат на начин што ќе резултира со доверба.
- Разбирањето и заштитата на човековите права секако е неопходно за сите луѓе.
- Справувањето со дискриминацијата, говорот на омраза и казнените дела од омраза се клучна работа за полицијата (човекови права) и ќе помогне за справување со плодната почва за радикализам.
- Кредибилните гласови најпрво треба да дојдат од заедниците, а не од полицијата.
- Полициските службеници треба да знаат барем минимално за различноста на малцинствата.
- Надворешните говорници (од малцинствата) може да се вклучат за да учат на терен; веројатно може да се групираат во тим со обучувачите од полицијата.
- На овие програми за обука им е потребно многу искуство, практика и тимска дискусија.
- Овие програми се поврзани со полициската култура; ова ја оправдува тимската обука, вклучително и раководството.
- Националните полиции за обука на полицијата треба да ги отворат вратите за да вклучат поголема публика (активисти, левица, организирани фудбалски фанови, различни религии).

## Поглавје 4:

# Програми за обука за полицијата во соработка со повеќе агенции и во рамките на агенцијата

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Освен сигнализирањето, иницирањето и поддржувањето на соработката меѓу повеќе агенции е една од клучните задачи на полицијата.
- Спречувањето и попречувањето на радикализирањето полицијата не може сама да го направи. Голем број од решенијата и од интервенциите треба да дојдат од други.
- Спречувањето, признавањето и попречувањето на радикализирањето бара споделување на информации, одговорности и координација на различните акции.
- Полицијата треба да биде свесна за неопходноста од инволвирање на други органи и учесници колку што е можно порано кога се планираат активности.

**Клучни пораки**

- Работата меѓу агенциите или во рамките на агенцијата бара споделено чувство на итност и јасно разбирање на целите. Треба да се разјаснат придонесите и ограничувањата на различните учесници.
- Заемна свест за различните улоги и способности меѓу сите агенции.
- Полицијата мора да може да им објасни на другите учесници што може, а што не може да прави полицијата.
- Како може полицијата да ги наведе и да ги убеди другите да соработуваат.
- Во рамките на соработката меѓу повеќе агенции полицијата треба да биде свесна за инволвираните културолошки, организациски и законодавни аспекти.
- Развивање на општа култура за соработка на повеќе агенции.
- Употреба на заедничка терминологија меѓу релевантните учесници.
- Воспоставени протоколи за споделување информации за жалбите за човековите права, особено доверливи информации.
- Соработуваат луѓето, а не организациите. Затоа се инвестира во знаењето, ставовите и во вештините на службениците. Тие треба да бидат ефективни во нивното постапување.

## Поглавје 5:

# Програми за обука за поларизацијата и тензиите (глобални и локални) во општеството

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Поларизираното општество е совршено игралиште за регрутите и за екстремистите.
- Поларизацијата може да заврши со говор на омраза, казнени дела од омраза и закани по јавниот мир.
- Улогата на полицијата во општеството може да влијае врз поларизацијата на позитивен и на негативен начин.
- Неопходно е познавање на механизмите на поларизација за да се намали постојната поларизација и да се спречат активностите што ќе доведат до повеќе поларизација.

**Клучни пораки**

- Да се има спротивни мислења е дел од животот, „ние и тие“ е нормално до одредено ниво, но сериозната поларизација е ризик за општеството и за природната позиција на полицијата.
- Познавањето на глобалните прашања ќе помогне за да се разберат локалните тензии.
- Поларизацијата може да биде надворешна (во општеството) и внатрешна (внатре во полицијата).
- Ова повеќе се однесува на ставот и на начинот на кој постапува полицијата како организација и поединечните службеници.
- Дали полицијата е неутрална? И дали се перципира како таква? Ова е поврзано со професионалната улога на полицијата во однос на личните убедувања.
- Професионалниот став „во средина“ е предуслов полицијата да ја задржува легитимноста на полицијата од сите страни.
- Како може полицијата да ја зајакне „тивката средина“ што не учествува во поларизацијата и би требало да се воздржи од поларизација?

## Поглавје 6:

# Обука за свест за употребата на интернетот и на социјалните медиуми за спречување на радикализмот и разбирање на улогата на медиумите

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Екстремистичките групи се многу ефикасни во користењето социјални медиуми во однос на регрутирањето и пропагандата.
- Однесувањето на интернет може многу често да биде вредносен показател за промените во однесувањето, избраните идентитети и лојалноста.
- Полициските службеници може да им помогнат на партнерите, како што се млади, родители и наставници за да бидат свесни за ризикот од однесувањето на интернет на лицата што се во опасност.
- Со оглед на тоа дека нашиот секојдневен живот е исполнет од медиумите, од клучно значење за полициските службеници е да разберат како медиумите создаваат социјална реалност и како влијаат врз јавното мислење.
- Да се разбере дека стереотипите што се користат во медиумите придонесуваат во процесот на поларизација и го помагаат теренот за развивање.

**Клучни пораки**

- Полициските службеници треба да го разберат начинот на работа (*modus operandi*) на регрутирањата и радикализирањето на интернет.
- На полицијата ѝ се потребни вештини во однос на медиумската писменост, како проверка на изворот, да биде свесна за потенцијалната пропаганда.
- Обуката треба да одговори на тоа што се случува на интернет и како младите и екстремистичките групи користат различни платформи и алатки.
- Социјалните медиуми и интернетот имаат огромен потенцијал за полициските службеници што би сакале да дојдат до јавноста, да комуницираат и да се поврзат со неа.
- Полициските службеници треба да го разберат начинот на работа (modus operandi) на медиумските организации (сензации, црно/бело поедноставување и создавање стереотипи).
- Обуката треба да го објасни интерниот процес за тоа како се создаваат вестите.

## Поглавје 7:

# **Програми за обука за ефикасна лична комуникација (ставови, јазик и говор на телото)**

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- На полицијата ѝ се потребни сојузници во предизвикот да се спречи радикализирањето. Потенцијалните сојузници треба се убедат во итноста и во потребата да се соработува со полицијата и со другите.
- Убедувањето се прави преку многуте формални и уште повеќе преку неформалните контакти што ги имаат полициските службеници.
- Личната комуникација е од суштинско значење во секојдневните контакти, во мирно време и во време на терористички закани и тензии.

**Клучни пораки**

- Полицијата не е секогаш омилена. На полициските службеници им се потребни ефикасни вештини за лична комуникација за да го надминат тоа и да направат другите да сакаат да соработуваат.
- Ефикасната комуникација може да им помогне на полициските службеници да се здружат со доверливите пренесувачи на информации, со лидерите на заедниците и со други влијателни личности.
- Ова повеќе се однесува на ставовите и на вештините отколку на знаењето.
- Затоа обуката за комуникации не може да се спроведе без практика и искуство, работа со учесниците во обуката.
- Полициските службеници треба да имаат капацитет да го совладаат јазичниот јаз со новодојдените, тоа може да се направи со основните јазични вештини или со помош на преведувачки капацитети.
- Комуникацијата се случува на отворено, на улица, но и во лична комуникација со професионални партнери или граѓани.
- Има поврзаност меѓу спроведувањето ред и мир за сите и да се биде ефикасен во комуникацијата со членовите на различните заедници.
- Интернет-светот нуди нови можности за комуникација.

## Поглавје 8:

# Програми за обука за улогата на полицијата во дерадикализацијата и раздвојувањето на екстремистите

***Зошто*? Каков е *придонесот* на улогата на полицијата во *спречувањето* на радикализмот?**

- Низ цела Европа има радикализирани лица. Треба да се намали ризикот од тоа тие да се свртат кон насилство во општеството и тоа преку дерадикализација и интервенции за разделување.
- Во повеќето држави ова не е задача на полициските службеници, но во неколку држави полициските службеници учествуваат во пристапите со повеќе агенции што целат кон разделување или дури и дерадикализирање.
- Полициските службеници мора да знаат како може да ја поддржат дерадикализацијата или раздвојувањето во своите контакти и акции. Полицијата треба барем да знае што *не треба да* прави за да се избегне прекинување на дерадикализацијата.

**Клучни пораки**

- На полицијата не ѝ е потребна само експертиза за факторите и за процесот што ги води луѓето подлабоко кон екстремистичките групи и идеологии, туку и на факторите што може да им помогнат на поединците да се оддалечат од насилните екстремистички идеи и групи.
- Овој модул може да биде дополнение на модулот за обука за радикализирање.
- Сигурно може да биде од корист огромната експертиза за спречување криминал.

## Препораки и размислувања

**Има огромен број достапни програми за обука: сподели!**

Во рамките на ограничените капацитети на работната група на РАН успеавме да утврдиме голем број програми за обука. Кај некои држави не најдовме многу, други имаа богато портфолио на добро тестирани и подобрени програми за обука. И сигурни сме дека не најдовме сè.

Некои контакт-точки забележаа дека им се потребни специфични програми, а други имаа неколку програми за справување што се однесуваа на овие наслови. Размената и споделувањето на постојните програми ќе им помогне на земјите-членки да ги подобрат своите програми и капацитети за обука со поголема брзина.

Имаше интерес за преведување на постојните програми за обука и за развивање модул за е-учење. Има сценарија, студии на случај или теоретски делови што, исто така, може да се користат и во други земји, ако се преведат.

> *Ги повикуваме земјите-членки, европските институции, полициските училишта и академии да се поврзат и да ги споделат материјалите што веќе се развиени со јавни пари. На овој начин низ цела Европа стручните лица може да се обучуваат со најнови квалитетни материјали.*

**Повеќе од сигнализирање**

За полициските службеници, како и за другите стручни лица обуката треба да одговара на нивната потребна и специфична улога и придонес во соработката меѓу агенции. Ова вклучува спречување, споделување информации, утврдување одговори и нивно извршување.

> *Покрај сигнализирањето, поддржувањето на спречувањето, спроведувањето ред и мир во заедницата и олеснувањето на работењето меѓу агенциите се од суштинско значење во обуките.*

**Ажурирање, внимание за обуки**

Начинот на работа на екстремистичките групи се менува. На пример, има голем број различни видови напади од еден човек и се зголемуваат нападите од организирани групи. Напливот на бегалци и интеграцијата во приемните заедници има влијание врз спречувањето на насилниот екстремизам (СНЕ) и програмите за обука што ги поддржуваат стручните лица. Ова бара постојано ажурирање на програмите за обука. Истовремено програмите за обука се развиваат, се тестираат, евалуираат и се подобруваат. Имаме впечаток дека може многу да се добие од споделувањето на овие искуства и гледишта. Се надеваме дека некои програми за обука може да се евалуираат.

РАН, дефинитивно, може да има улога на ова поле. На пример, преку тематски настан за програми за обука. Не зборуваме само за програми за обука за полицијата туку и за програми за персоналот во затворите, едукаторите и за во мешаните групи.

> *Прегледувањето и дискутирањето на програмите за обука треба да биде дел од политиките на СНЕ и меѓународното споделување, во РАН и кај други.*
>
> *Во следната Годишна програма РАН ПОЛ уште еднаш ќе им посвети внимание на обуките.*

РАН ПОЛ беше задоволна од активното учество на ЦЕПОЛ, ОБСЕ и АЕПЦ. Потребно е да има поголемо меѓународно споделување на искуството и разгледување на постојните материјали. РАН ПОЛ, во рамките на ограничувањата, е отворен за идна соработка за да обезбеди дека полициските службеници ја добиваат обуката што им е потребна за нивната работа.

**Бегалци, инциденти, напади и поларизација**

Тематскиот настан, извештајот и работилниците, кои ги организираше РАН на Советот на Европа, ги нагласуваат новите предизвици за СНЕ поради ефектите на бегалците и мигрантите што пристигнуваат во европските земји-членки. Загрижувачки се трендовите во однос на поларизацијата, десничарскиот екстремизам, џихадистичкиот екстремизам, левицата и анархистичкиот екстремизам.

> *Препорачуваме проверка на постојните програми за обука за да бидат ажурирани поради ефектите на кризата со бегалците и мигрантите врз десничарскиот екстремизам, реципрочниот радикализам и поларизацијата.*

# Анекс: Примери на ветувачки постојни програми за обука во европски земји-членки

## Поглавје 1: Програми за обука за радикализација (свест, разбирање, спречување, интервенирање и/или сигнализирање)

| | |
|---|---|
| **Назив** | Борба и спречување на радикализмот и на екстремизмот |
| **Држава** | Малта |
| **Цели на учење** | Да се разберат радикализмот и екстремизмот |
| **За** | Полициските службеници од различни окрузи и разграноци |
| **Времетраење** | Четири часа дневно за секоја група |
| **Фокус** | Знаење и вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Акции против радикализмот и екстремизмот |
| **Држава** | Грција |
| **Цели на учење** | Создавање група обучувачи во областа на спречување - свест кај јавноста |
| **За** | Службениците за спроведување на законот - непосредни стручни работници |
| **Времетраење** | Пет месеци |
| **Фокус** | Знаење и вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Овластување на грчката полиција за да ги спречува радикализмот и екстремизмот |
| **Држава** | Грција |
| **Цели на учење** | Оперативно овластување на вработените во грчката полиција за да ги спречува радикализмот и екстремизмот |
| **За** | Вработените во грчката полиција |
| **Времетраење** | Две години |
| **Фокус** | Знаење, однесување и вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Обука за полициските непосредни службеници за општите индикатори за ризик од странски терористички борци |
| **Држава** | Грција |
| **Цели на учење** | Утврдување на општите индикатори за ризик и основно знаење за процесот на радикализација |
| **За** | Полициските непосредни службеници (службеници за гранична и за пасошка контрола) |
| **Времетраење** | Шест часа |
| **Фокус** | Вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Радикализација што води до насилен екстремизам |
| **Држава** | Словенија |
| **Цели на учење** | Препознавање, свест,<br>спречување |
| **За** | Сите структури во рамките на полицијата и субјектите во рамките на РАН |
| **Времетраење** | Две години, предавања до два часа |
| **Фокус** | - |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Силна компонента на наставната програма |
| **Држава** | Германија |
| **Цели на учење** | Да се нагласат важноста и централното место на прашањето за човековите права, за улогата и сликата на полицијата и да се бранат човековите права што се соочуваат со закани по правната држава |
| **За** | Студентите на полициската администрација (B.A.) |
| **Времетраење** | Практикантство од три години |
| **Фокус** | Знаење, однесување и вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Насилен радикализација |
| **Држава** | Кипар |
| **Цели на учење** | Да се разбере што е насилен радикализација. Да се препознаат знаците и индикаторите на радикализмот. Да се дефинира улогата на интернетот и на социјалните медиуми |
| **За** | Службениците за регрутирање, полициските службеници во заедницата, службата за странци и имиграција, крим-полицијата<br>Затворски персонал |
| **Времетраење** | Три часа |
| **Фокус** | Знаење и однесување |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Сублимирање на техниките за антирадикализација во полициското работење во заедницата |
| **Држава** | Ирска |
| **Цели на учење** | 1. Да се изгради комунално партнерство преку полициското работење во заедницата.<br>2. Да се изгради доверба кај малцинските заедници.<br>3. Преглед на етничките културолошки и религиозни протоколи присутни во локалните заедници.<br>4. Антидискриминациска правна примена од полицијата во заедницата.<br>5. Полицијата да се запознае со специфичностите на екстремизмот и на насилниот расизам<br>6. Да се работи со сите форми на екстремизам за да се спречат насилниот екстремизам и радикализација. |
| **За** | Полициските непосредни службеници во заедницата и за посебно назначените законлнати полициски офицери за врски за етнички прашања |
| **Времетраење** | Два дена |
| **Фокус** | Фокусирано на интензивно знаење, однесување и на вештини |

| | |
|---|---|
| **Назив** | PLIR – Прв ред против радикализмот |
| **Држава** | Романија |
| **Цели на учење** | Цел на програмата е да се зголеми свеста на полициските непосредни службеници |
| **За** | 40 полициски службеници од националната полиција, граничната полиција, имиграциската полиција и од жандармеријата |
| **Времетраење** | Шест часа дневно, пет дена |
| **Фокус** | Полициските непосредни службеници треба да внимаваат на амблемите, документите, летоците, облеката, преобразбата на луѓето за време на полициските контакти, запирањата во сообраќајот, претресот на телата и на домовите |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Основен курс за спречување |
| **Држава** | Обединето Кралство |
| **Цели на учење** | Да се разберат оние што се ранливи на радикализација и да се бара помош од нив |
| **За** | Службениците за спречување |
| **Времетраење** | Три дена |
| **Фокус** | Знаење |

| | |
|---|---|
| **Назив** | План за обука за борба против насилен екстремизам |
| **Држава** | Шпанија |
| **Цели на учење** | Да се зголеми знаењето за секојдневните професионални активности. Концепти на радикализација. Аспекти на насилен радикализација. Надворешни индикатори. Да се подобри капацитетот на поврзаност со општеството и со социјалните групи. |
| **За** | Функционерот од централната власт; ранливите групи; социјалните субјекти; масмедиумите; ризичните групи; полицијата. |
| **Времетраење** | - |
| **Фокус** | Со оглед на тоа дека нивото на обука бара различни скалила, категории и цели, покриени се сите три. |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Специјална обука за радикализација |
| **Држава** | Шпанија |
| **Цели на учење** | Да се знаат идеологии, учесници, пренесувања и фактори што влијаат врз луѓето што се во ризик. Да се толкуваат промените кај поединците што ги минуваат процесите на радикализација; да се развие вештина за да се<br>добијат валидни информации; аналитички алатки за оценување на податоци. Да се интервенира: да се преземат почетни чекори; како да се развие коректна анализа и кои акции би требало да се очекуваат. |
| **За** | - |
| **Времетраење** | Од еден до осум месеци |
| **Фокус** | Знаење, вештини и однесување |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Основна обука CTER (Спречување терористички екстремизам и радикализација) |
| **Држава** | Холандија |
| **Цели на учење** | Свест, откривање и преземање акција. |
| **За** | Полициските непосредни службеници (задолжително), детективите и разузнавачите (во зависност од работата) |
| **Времетраење** | Програма од два (или три ) дена |
| **Фокус** | Се фокусира на знаење, однесување и на вештини. |

| | |
|---|---|
| **Назив** | Основна обука Обука за обучувачот CTER плус полициско работење во заедницата Полициско работење во заедницата /кривични истраги/разузнавање |
| **Држава** | Холандија |
| **Цели на учење** | Свест, откривање и преземање акција. |
| **За** | Целна група се полициските службеници со доволно CTER-искуство. |
| **Времетраење** | Петдневна програма |
| **Фокус** | Се фокусира на знаење, однесување и на вештини. |

| | |
|---|---|
